РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1471/3
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1471/1 од 25.04.2024 година, со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на градоначалникот на Општина ---------------------------, по распишување на претседателските и парламентарните избори 2024, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што во пријавата нема јасни и конкретни наводи кои укажуваат на прекршување на забраните во изборен период уредени со Изборниот Законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси, кои што треба да се испочитуваат од денот на распишување на изборите до денот на одржување на изборите.

Предметот со број 12-1471/1 од 25.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 25.04.2024 година поднесена е пријава од познат подносител, ------------------------, директор на ОУД „--------- ------------------“ ----------- и во истата се изнесени сомневања за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на градоначалникот на Општина ----------- ----------- ---------------, по распишување на претседателските и парламентарните избори 2024. Подносителот во пријавата наведува, дека на 19.04.2024 година градоначалникот на Општина --------- побарал од директорот на ученички дом ОУД „--------- ------------------“ ------------, ургетно да му се достави целокупна документација со која директорот се пријавил на објавен оглас за избор на директор во ученичкиот дом во 2021 година. Исто така во барањето, градоначалникот на Општина ----------- се повикал на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Решението за избор на директор на ОУД „--------- ------------------" ------------ со бр.----------- од 13.01.2021 година.

По извршени административни проверки, ДКСК со заклучок донесен на колегиум одржан на ден 09.05.2024 година, констатира дека се исполнети услови кон овој предмет да се спои предмет со број 12-1493/1 од 25.04.2024 година, поради тоа што пријавата е поднесена од друг подносител но ги содржи истите предметни наводи, а ДКСК за истите ќе одлучува во единствена постапка во овој предмет со број 12-1471/1 од 25.04.2024 година.

Подносителот во пријавата наведува дека градоначалникот на Општина --------- документацијата ја побарал без ниту една образложена причина, со тоа што истиот ја злоупотребува службената положба и овластувања.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема надлежност да постапува по предметот, поради тоа што во пријавата не се пријавени конкретни и јасни наводи за прекршување на одредбите од Изборниот Законик и Законот за спречување на корупција и судир на интереси и оцени да одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Т.Д., претседател на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk